Република Северна Македонија | Republika e Maqedonisë së Veriut
ОПШТИНА ЖЕЛИНО | KOMUNA E ZHELINËS
Бр.-Nr. 04-636/17
06.11.2024 год.-viti
Желино - Zhelinë

Република Северна Македонија/Republika e Maqedonisë së Veriut
**ОПШТИНА ЖЕЛИНО/KOMUNA E ZHELINËS**
**Ж Е Л И Н О/ZH E L I N Ë**

---

Врз основа на член 45 став 1 и став 2 од Законот за административни службеници („Службен весник на Република Македонија“ бр. 27/2014, 199/2014, 48/2015, 154/2015, 5/2016, 142/2016 , 11/2018,275/2019 и 14/20), и доставената конечна ранг листа на кандидати и предлог за вработување на кандидати (бр.10-1226/15 од 30.10.2024 година), а во врска со објавениот јавен оглас за вработување (бр.239/2024 од 13.09.2024 година), Градоначалникот на Општина Желино донесе:

**О Д Л У К А**

за избор на кандидат по објавен јавен оглас
за вработување на административен службеник во Општина Желино

**I.** За работните места објавени во јавниот оглас за вработување на административни службеници во Општина Желино, избран е следниов кандидат:

1. За работното место под реден број 1 –Помлад соработник за подготовка на техничка документација за јавни набавки,одделение за јавни набавки ,сектор за финансиски прашања., со шифра УПР 0101В04000 се избира кандидатот **Адиса Ибиши.**
2. За работното место под реден број2-Помлад соработник за припрема на проекти за локален економски развој (ЛЕР),Сектор за урбанизам,заштита на животна средина,комунални дејности,сообрашај,патишта и локален економски развој., со шифраУПР0101В04000 се избира кандидатот **Лиридона Бајрами Харуни .**
3. За работното место под реден број 4 –Виш соработник за утвдување такси и надоместоци,одделение за администрирање на даноци и такси,Сектор за финансиски прашања., со шифра УПР 0101В02000 се избира кандидатот **Инис Сулејмани .**

**II.** За наведените работни места предвидени се средства во Буџетот на Општина Желино за 2020 година во ставка 401и 402, подставка 401120.

**III.** Оваа одлука стапува на сила 8 дена од денот на објавувањето на истата на веб страницата и на огласната табла на Агенцијата за администрација.

**О б р а з л о ж е н и е**

На ден 13.09.2024 година во дневните весници „Вечер “, „Нова Македонија“ и „Коха“ беше објавен јавен оглас за вработување на административни службеници во општинската администрација на Општина Желино.

Постапувајќи по одредбите од Законот за административни службеници, Комисијата за селекција за вработување по јавен оглас со Записник бр. 10-1226/10 од 30.09.2024 година изврши административна селекција по оглас бр. 239/2024 и констатира дека за огласеното работни места се пријавиле вкупно 32 кандидати од кои 14 уредни кандидати и 18 неуредни кандидати..

Во просториите на Агенцијата за администрација на ден 28.10.2024 година се спроведе испит за административен службеник (Записник бр. 10-1226/13 од 28.10.2024 година), испитот го полагаа 10 кандидати и успешно го положиле, а на ден 30.10.2024 година се изврши проверка на веродостојност на докази и се спроведе интервју за административен службеник, (Записник бр. 10-1226/14 од 30.10.2024 година).

Врз основа на резултатите од сите фази на селекција, се изготви конечна ранг листа на кандидати и предлог за вработување на кандидати по оглас бр.1226/15 од 30.10..2024, и истата беше доставена до Градоначалникот на Општина Желино, при што се одлучи како во диспозитивот од оваа одлука.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против оваа одлука незадоволниот кандидат има право на жалба до Агенцијата за администрација во рок од 8 (осум) дена од денот на објавувањето на одлуката на веб страницата и огласната табла на Агенцијата за администрација.

Градоначалник
на Општина Желино
Блерим Сејдиу